АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4931 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

## Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во четвртиот извештаен период (од 2 до 11 октомври 2016 година) известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител беше анализирано врз примерок од десет изданија на Дневникот во 19 часот и седум изданија на Бизнис вестите.

Најчесто се користат претежно информативните жанрови и тоа извештаите, изјавите, вестите, интервјуата, кои вкупно достигнуваат 4 часа 6 минути и 42 секунди (Табела 1) од вкупното време анализирани прилози од 4 часа 42 минути и 38 секунди, односно во овој анализиран период за коментари и осврти биле посветени 35 минути и 56 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:07:25 | 3,01 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:11:22 | 4,61 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:18 | 13,90 % |
| Влада на РМ | 00:46:48 | 18,97 % |
| Други субјекти | 00:39:05 | 15,84 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:27:46 | 11,26 % |
| Без субјекти | 00:07:07 | 2,88 % |
| СДСМ | 00:20:19 | 8,24 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:09 | 5,74 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:00 | 0,81 % |
| Граѓански сектор | 00:05:55 | 2,40 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:38 | 0,66 % |
| Демократски сојуз | 00:00:35 | 0,24 % |
| Судство | 00:00:32 | 0,22 % |
| Локална самоуправа | 00:12:34 | 5,09 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:21 | 0,95 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:03:01 | 1,22 % |
| Собрание на РМ | 00:02:20 | 0,95 % |
| Привремена комисија | 00:03:19 | 1,34 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:41 | 0,28 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:36 | 0,65 % |
| ГДОМ | 00:01:17 | 0,52 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:34 | 0,23 % |
| | **Вкупно: 04:06:42** | **100 %** |

Најзастапени се прилозите за Владата меѓу кои, освен информации за редовните активности (учество на меѓународни конференции, информации од редовните акции на МВР и работата на другите министерства, недоразбирањата на релација технички министер – дополнителен заменик министер во МВР и сл.), има и низа прилози во кои се известува за настани, мерки, проекти, резултати од политики кои по својот карактер имаат позитивен контекст, а се однесуваат на новите странски инвестиции, здравството, културата, патната инфраструктура, на придобивки за одредени категории граѓани (пензионери, невработени, ученици) и др. Примери за вакви прилози се: на 2 октомври „Завршени се археолошките истражувања на Скопското кале" (1 минута и 42 секунди); на 4 октомври „Невработените можат да аплицираат за кредити за самовработување и за отворање работни места" (2 минути и 1 секунда), „Есенва 650 пензионери бесплатно ќе се релаксираат во туристичките места" (1 минута и 32 секунди); на 5 октомври „Отворена нова градинка во Ѓорче Петров што ќе згрижува 120 деца" (1 минута и 48 секунди), „Скопските поликлиники добија кабинет за страбизам" (59 секунди); на 6 октомври „Автопатот Скопје - Штип ќе биде готов следната година" (2 минути и 16 секунди), „Проектот 140 градинки ќе отвори 2000 работни места" (1 минута и 57 секунди); на 7 октомври „Министерството за здравство распиша тендер за нови три дигитални мамографи" (1 минута и 31 секунда); на

8 октомври „Следниот месец започнува изградбата на новиот ургентен центар во Куманово" (1 минута и 40 секунди); на 9 октомври „Иницијално, инвестицијата е вредна 4 милиони евра, а ќе се зголеми на 7 милиони евра" (2 минути и 30 секунди); на 10 октомври „Костал" започнува со работа - ќе се отворат илјада нови работни места" (2 минути и 23 секунди); на 11 октомври „Грчката компанија „ЦераМетал" ќе инвестира 12 милиони евра и ќе вработи 600 лица" (1 минута и 53 секунди).

Втора по временската застапеност е категоријата *„Други субјекти"* која опфаќа низа правни и физички лица за чии активности се известува. Меѓу нив спаѓаат: МПЦ, професори, ИЗИИС, НБРМ, Здружение за градежништво во СКМ, БЕГ, МИТ Универзитет, Комора за геодети, Центар за енергетски ефикасности во Македонија, Стопанска комора на Македонија, актери, рускиот владика Тихон, Совет на родители на гимназијата во Тетово, МОБ, АВМУ, Федерацијата на фармери, Градежна комора при ССК, Бизнис конфедерацијата на работодавачи, Здружение на текстилна индустрија при СКМ, Одборот за државната награда „11 Октомври", борци од НОБ, сопственичка на новоотворен старски дом, Костал Македонија, ЦераМетал, СТС Текстајл итн.

Трети по присуство се странските политичари, пред сè преку средбите на македонски политички субјекти со нив, активностите на амбасадорите и настаните/ставовите на меѓународните организации.

Најголем дел од времето кое е посветено на активностите на политичките партии е распределено меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Се известува за нивните активности, посети и средби во земјата и во странство, ветувања, меѓусебни критики и реакции/одговори. Емитувани се и прилози во кои позитивно се врамува проектот на ВМРО ДПМНЕ за изградба на 140 детски градинки. Вакви примери се - на 4 октомври „Поддршка од воспитувачите за мега проектот за изградба на 140 градинки" (2 минути и 11 секунди) со изјави од Илија Митров, претседател на Здружението на воспитувачи и Гоце Прцуловски, претседател на Здружението на социјални работници. На 5 октомври – „СОНК го поддржа проектот на ВМРО ДПМНЕ за изградба на 140 државни детски градинки" (1 минута и 31 секунда), со изјави од Јаким Неделков, претседател на СОНК и Весна Неделковска, секретар на СОНК.

Со временска застапеност поголема од 10 минути, се појавуваат уште и органите на државната управа и јавните претпријатија, потоа локалната самоуправа и министрите и замениците министри од СДСМ. За локалната самоуправа, исто така, има прилози за активности и мерки кои по својот карактер имаат позитивен контекст, но во многу помал обем отколку за централната власт. На пример на 5 октомври „Почна изградбата на ново основно училиште во Капиштец Општина Центар" (1 минута и 10 секунди), на 6 октомври „Стартуваше грејната сезона, а со тоа почна и сериозното загадување на воздухот поради греење на дрва" (5 минути), на 11 октомври „Илјада невработени од Велес очекуваат вработување во СТС Текстил" (1 минута и 14 секунди).

Од другите политички партии, гледачите можеа да слушнат информации за СПМ, ДУИ, Демократскиот сојуз и Алијансата за позитивна Македонија.

Владата е најзастепена и по директните обраќања во анализираните дневно-информативни емисии, а по неа следуваат ВМРО ДПМНЕ, „Другите субјекти", Амбасадорите/претставниците на меѓународни организации, па СДСМ (Табела 2).

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:35 | 15,08 % |
| СДСМ | 00:09:51 | 10,18 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:09 | 12,56 % |
| Претседател на РМ | 00:01:47 | 1,84 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:30 | 4,65 % |
| Други субјекти | 00:13:05 | 13,53 % |
| Влада на РМ | 00:18:48 | 19,44 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:32 | 5,72 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:21 | 2,43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:00 | 1,03 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:22 | 0,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:04 | 6,27 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:03:56 | 4,07 | % |
| ГДОМ | 00:01:04 | 1,10 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:19 | 0,33 | % |
| Привремена комисија | 00:01:01 | 1,05 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:19 | 0,33 | % |
| | **Вкупно: 01:36:43** | **100** | **%** |

Емитувани се осврти и коментари на повеќе теми, со тоа што на неколку од нив Телевизијата се навраќа неколкупати.

Тема која ТВ Сител ја обработи во неколку последователни Дневници е промовирањето на едицијата „Црните страници на УДБА“ на Државниот архив на Република Македонија. На 3 октомври е објавен иницијалнот извештај од промоцијата - „Излегоа на виделина - црните страници на УДБА - првите 202 досиеја од огромната архива на тајната полиција за македонските државјани“ (2 минути и 15 секунди) со делови од обраќањата на промоцијата на Филип Петровски, директор на Државниот архив и Александар Даштевски, професор (редактор на едицијата). На 4 октомври има осврт „Тајните служби го следеле ВМРО ДПМНЕ и нејзините најекспонирани членови до јуни 2000-та година, со дел од обраќањето на Филип Петровски, директор на Државниот архив (2 минути и 59 секунди). На 5 октомври во освртот „Петровски: Да се размисли за создавање специјално обвинителство за злоделата на УДБА“ (3 минути и 2 секунди) има изјави на Филип Петровски дадени во емисија на Радио Слободна Македонија и во „Јади бурек“ и пренесена изјава на Павле Трајанов дадена за Прес 24.

Уште една тема, која беше обработена последователно на 4 и на 5 октомври, се однесува на известувањето на американските и европските медиуми при избори. Првиот ден, објавен е освртот „Медиумите во САД избраа страна - македонските заработија казна“ (2 минути и 49 секунди) за кој најавата гласи: „Додека во Македонија се мониторира и казнува дури и потенцијалната иронија во информативните програми, во САД правилата на игра се сосема поинакви што е очигледно и во ова нивно предизборие. Најголемите и највлијателни медиуми традиционално заземаат страна поддржувајќи отворено еден од претседателските кандидати. Во своите едиторијали, објавени во изминатите денови, најголемиот дел од нив го прогласија Трамп за неподобен и ја поддржаа кандидатурата на Хилари Клинтон“. Освртот на 5 октомври „Сител анализа: Медиумите и во САД и во ЕУ отворено заземаат политичка страна“ (3 минути и 19 секунди) ја има следнава најава: „За разлика од Македонија, освен американските, и медиумите во Европската унија заземаат политичка страна во зависност од уредувачката политика, понудата и програмите на партиите“, а во воведот на прилогот се посочува дека „додека во Македонија се изрекуваат казни за медиуми поради наводна неизбалансираност, демократските стандарди на медиумското известување во Европа и САД се сосема спротивни“.

Во два осврти се разгледуваат и резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев. На 2 октомври се емитува „Анализа: Ќе има ли промени на политичката сцена во Македонија по изборите“ (3 минути и 44 секунди) во која се сопоставуваат ставовите на политичките аналитичари Александар Пандов и Алберт Муслиу и се пренесуваат резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев, објавени претходниот ден. Следниот наредниот ден - „Сител анализира: Што покажуваат анкетите? Одбројувањето започна. Уште 9 дена до распуштање на Собранието“ (2 минути и 33 секунди) е осврт со делови од обраќања на Никола Груевски и Зоран Заев и резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев.

На 3 октомври во два прилога се пренесуваат делови од колумна на претседателот на ВМРО ДПМНЕ за германскиот весник „Дер Хауптштадтбриф“: „Очекуваме пријателите на Македонија одлучно да застанат за

11 декември колумна на Никола Груевски за германски Дер Хауптштадтбриф" (3 минути и 14 секунди) се однесува на општествено-политичката ситуација во Македонија, а прилогот „Груевски во колумна за германски весник ги презентираше економските резултати од последната деценија" (3 минути и 35 секунди) е поместен во Бизнис вестите.

На 6 октомври се емитува коментарот „Сител анализира: Зошто пред една година на СДСМ и СЈО им беа доволни 18 месеци за работа, а денес не им се?" (1 минута и 40 секунди) со изјави на политичката аналитичарка Иванка Додовска и Петре Шилегов, портпаролот на СДСМ.

На 8 октомври, првичната информација за третите извештаи од мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии, е коментарот „Главна цел на мониторингот наместо партиите стана СЈО" (2 минути и 13 секунди), со негативен тон кон Агенцијата за медиуми. Има изјави на Цветин Чилиманов, член на Привремената комисија за следење на медиумското претставување. Во најавата се вели: „Нов селективен, необјективен и манипулативен извештај на Агенцијата за медиуми. Главна цел на мониторингот, наместо партиите, стана Специјалното јавно обвинителство. Со методологија бараат критичност, а во извештајот се демантираат". Во прилогот се повторува ваквиот навод и се тврди дека мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии треба да биде ограничен само на партиите и на теми поврзани со изборите, не и на другите субјекти, а за известувањето за активностите на власта се смета дека се оценува дали е објавена информација за настанот, а не начинот на кој известувал медиумот.

На 9 октомври има повеќе осврти и коментари. Два од освртите се за економски теми – едниот е реализиран преку директно јавување на репортер од Велес проследен со следниве телопи: „Гигант Нонча Камишова или позната како Свилара Велес ќе се рестартира", „Познатиот интернационален бренд STS TEXTILES инвестира во погонот", „Инвестицијата носи 1000 нови вработувања", „СТС Текстил, Маккарт и БРГ ќе го зајакнат животниот стандард во Велес" (2 часа и 52 минути). Во другиот „Инвестициите ја смениja структурата на извозот" и „Порано се извезуваше само текстил, сега производи со додадена вредност" (2 минути), се прави анализа на промените во стоките што се извезуваат како резултат на странските инвестиции. Потоа, во коментарот „Партиското седиште на СДСМ во Чаир утринава доби двојазична табла" (1 минута и 56 секунди), се емитува изјавата на претседателот на СДСМ Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија и на Муса Џамалари од албанската дијаспора за тоа дека се залага за федерализација, се потсетува на реакциите на македонската дијаспора и на тоа дека СДСМ испраќа електронска пошта и соопштенија и на албански јазик, до медиуми од Македонија и од Косово. Се емитува и „Редакциски став: Ад хок телото фаворизира пропаганда за СДСМ, СЈО и Сорос" во кој има навреди за дел од членовите на Привремената комисија како и сопствено толкување на Телевизијата за критериумите од методологијата по која се врши мониторингот. Оваа тема е завршена наредниот ден со коментаторски извештај во кој се пренесени изјавите на двајца членови на Привремената комисија (Цветин Чилиманов и Љубомир Костовски).

***<u>Други видови програми</u>***

Во две изданија на емисијата *Спортско студио*, се зборува за мерките во сферата на спортот, предложени од ВМРО ДПМНЕ и подоцна усвоени од Владата. Во изданието емитувано на 8 октомври, со гостите: Дејан Јовановски, Стрезо Гиновски, Милева Велкова и Зоран Стратев, пренесен е дел од обраќање на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, во кое тој зборува за мерките. Вакви изјави се емитувани и во изданието од 10 октомври, во кое гости во студиото се Васил Тупурковски, претседател на МОК и Марјан Спасески, директорот на Агенцијата за млади и спорт.

***Сектор за програмски работи***